Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 24 јануари 2023 година**

**Скопје, јануари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јануари 2023 година**

Седницата започна во 12:10 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии,доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација ид-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа иЗоран Маневски, заменик на министерот за економија, м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за здравство и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија,Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Анета Петровска, нотар.

Од седницата отсуствуваам-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, м-р Крешник Бектеши, министер за економија,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарствои водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 4Слободно движење на капитал од Кластер 2Внатрешен пазар, со прилози и Предлог-листа на учесници за билатералниот скрининг**

- **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 1 Слободно движење на стоки од Кластер 2 Внатрешен пазар од 6 до 9 февруари 2023 година во Брисел, со прилози и Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг**

- **Информација за потребата од изработка на Стратегија за транспарентност со Акциски план (2023-2026) на Владата на Република Северна Македонија**

1. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

2. Информација за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, со Предлог-одлука

3. Барање за определување на паушал по состанок на членовите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со дополнувањето, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (деловни простории на булевар „Ослободување“ бр.2 во Кичево)

5. Предлог-одлука за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

6. Информација во врска со изготвената Физибилити студија и можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Гевгелија, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија(ГП бр.3.1, составена од КП бр.2/4, КО Белчишта)

8. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП бр.8.1, составена од КП бр.30/1, КО Злести)

9. Информацијa во врска со Планот за реорганизација на Министерството за економија бр.04-3663/1 од 29.07.2022 година

10. Информација за ревидирање на синтетизираниот извештај за реорганизација во делот на министерскиот систем на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

11. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Урбанистички план за село Горна Матка и Долна Матка за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Матка, КО Матка-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука

12. Информација за усвојување на Четвртиот национален извештај за климатски промени, со текст на Четвртиот национален извештај за климатски промени

13. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на фекален и атмосферски канализационен систем за населено место Градско Балдовци, Општина Струмица“

14. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај“

15. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост

16. Предлог-одлука за определување на услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници, со Предлог-текст со Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за периодот 2023-2025 година

17. Информација за издавање егзекватура за генерален конзул на Република Бугарија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола

18. Информација за потребата од изработување на План за воспоставување на Национален електронски идентитет за секој граѓанин, со План за воспоставување и План за реализација

19. Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година

20. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија во учество во вежбата „Заеднички предизвик 2023“(„Common Challenge 2023“), во Црна Гора

21. Предлог-одлука за отворање Почесен конзулат на Република Албанија во Република Северна Македонија, со седиште во Тетово

22. Предлог-одлука за давање согласност за именување Почесен конзул на Република Албанија во Република Северна Македонија, со седиште во Тетово

23. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2086 на Советот од 27 октомври 2022 година за

спроведување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Тунис и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2073 на Советот од 27 октомври 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 101/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Тунис

24. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2022/1944 од 13 октомври 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1936 на Советот од 13 октомври 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2018/1542 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје

25. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1530 на Советот од 14 септември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1529 на Советот од 14 септември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

26. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа Казнено-поправен дом Прилеп (техничка опрема)

27. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа Затвор Тетово (техничка опрема)

28. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа Затвор Скопје (техничка опрема)

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Воспитно-поправна установа Воспитно-поправен дом Тетово (техничка опрема)

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено -поправната установа Затвор Охрид (техничка опрема)

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка (техничка опрема и инвентар)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, со Отворено одделение во Велес (техничка опрема)

33. Информација за прогресот на активностите во процесот на изработка на стратегија за паметна специјализација за истражување и иновации (С3) (статус септември 2022 година), со прилози

34. Информација за подобрување на транспарентноста и отчетноста на институциите од јавниот сектор преку објавување на задолжителните информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на веб-локациите на институциите, како и објавување на најчесто побарувани информации систематизирани по области

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Христијан Карпош“ Куманово)

36. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (9)

37. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (12)

38. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (2)

39. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово(3)

40. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Жупа (2)

41. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево (2)

42. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (3)

43. Предлог -одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (7)

44. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (9)

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Богданци (за потребите на ООУ „Петар Мусев“, Богданци)

46. Предлог на закон за дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

47. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48. Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година, со Предлог-одлука

49. Извештај на ректорот за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, за период од 1 октомври 2021 година до 30 септември 2022 година

50. Извештај на ректорот за работата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, за академската 2021/2022 година

51. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.115/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 113 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15)

52. Иницијатива од адвокат Бојан Стојевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.113/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/10)

53. Иницијатива од Добра Петковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 98/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19)

54. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.121/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 став 1 во делот „(3) и (4)“од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/11)

55. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 49 став 4 точка 2 („став (5)“) од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/14, 178/14, 199/15, 197/17, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 150/21 и 236/22)

56. Иницијатива од Игорчо Точев, од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.119/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 29 став 2 во делот „во втор степен формирана од страна на министерот за економија, при што претседателот на Комисијата задолжително ќе биде од редот на раководните државни службеници во инспекциската служба кој нема да биде вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор“ од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19)

57. Иницијатива од Јордан Апостолоски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.118/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 290/20 и 247/22)

58. Иницијатива од Друштво за градежништво, инженеринг, трговија и услуги НАСТЕЛ ДОО Скопје, застапувано од Дуња Туртурова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Уредбата за изменување на Уредбата за висината на надомест за приватизација на градежно земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата за надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.81/22)

59. Иницијатива од Игорчо Точев, од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.120/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 3 од Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 290/20 и 247/22) и член 2 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/15)

60. Статут на Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бреинстер некст Скопје

61. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.913 за КО Глуво Бразда, на КП бр.2997, викано место/улица „Поројница“

62. Понуда од нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1695 и Имотен лист бр.101006 за КО Богданци, на КП бр.8537, викано место/улица „Град“, со дополнување

63. Понуда од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1448 за КО Богданци, на КП бр.9055, викано место/улица „Нако Вардарски“ и Имотен лист бр.10423 за КО Богданци, на КП бр.9055, викано место/улица „Нако Вардарски“

64. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93311 за КО Чаир на КП бр.2563 викано место/улица „Дижонска“, со дополнување

65. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15005 за КО Чаир, на КП бр.18/2, викано место „Чаир“, Имотен лист бр.960219 за КО Чаир, на КП бр.119/1, викано место „Чаир“ и Имотен лист бр.958719 за КО Чаир, на КП бр.121/1, викано место „Чаир“ и КП бр.125/3 и 125/4, викано место „Чаир“

66. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56381 за КО Ресен, на КП бр.6365/8, викано место/улица 11 Октомври

67. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67238 за КО Маџари, на КП бр.2853/21, викано место/улица Утрина, со дополнување

68. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56697, за КО Карпош, на КП бр.4496, викано место/улица Козле 1

69. Понуда од нотар Горан Димановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94036 за КО Битола 4, на КП бр.5127, викано место/улица „Довлеџик“ и Имотен лист бр.94036 за КО Битола 4, на КП бр.5142, викано место/улица „Довлеџик“

70. Понуда од нотар Даниел Живачки од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11204 за КО Љубодраг, на КП бр.438, викано место/улица „Старо Џаде“

71. Кадровски прашања

72. Прашања и предлози

73. Информација за примена на Законот за медијација

74. Информација во врска со спроведено оценување на Комисијата за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите

75. Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2022 година

76. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, за периодот април-јуни 2022 година

77. Извештај за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија, донесена на Владата на Република Северна Македонија на 31.8.2022 со бр.41-7538/1

78. Предлог-одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за 2023 година

79. Предлог -одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2023 година

80. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2023 година

81. Предлог-одлуказа давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија Ц.О.-Скопје за 2023 година

82. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година

83. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2023 година

84. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2023 година

85. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2023 година

86. Информација во врска со Договорот за заем склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје како заемопримач и Акционерско друштво ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, заведен кај заемопримачот под арх.бр.03-351/1 од 20.1.2023 година, а кај заемодавецот под арх.бр.03-80/1 од 20.1.2023 година, со предлог -одлуки

87. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22 од 26.8.2022 година) и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија бр.08-4044/1 од 30.9.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/22 од 30.9.2022 година)

88. Информација за исплата на пензии за јануари 2023 година

89. Информација за изработка на посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија

90. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година

91. Предлог-програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2023 година

92. Информација за оправданоста на Барањето за вработување во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

93. Информација за текот на активностите поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, со Предлог-план за активности

*

*     *

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 4Слободно движење на капитал од Кластер 2-Внатрешен пазар, со прилози и Предлог-листа на учесници за билатералниот скрининг**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 4Слободно движење на капитал од Кластер 2Внатрешен пазар, со прилози и Предлог-листа на учесници за билатералниот скрининг и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 4 Слободно движење на капитал при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и

позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство да достави предлог-одговор до Секретаријатот за европски прашања, по однос на тоа дали либерализацијата за купување на земјоделско земјиште од страна на нерезиденти ќе биде со влезот на Република Северна Македонија во Европската Унија или ќе се бара транзиционен период со соодветна аргументација за целосна либерализација по влезот на Република Северна Македонија во Европската Унија, најдоцна до 5 февруари 2023 година.

- **Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 1 Слободно движење на стоки од Кластер 2 Внатрешен пазар од 6 до 9 февруари 2023 година во Брисел, со прилози и Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 1 Слободно движење на стоки од Кластер 2 Внатрешен пазар од 6 до 9 февруари 2023 година во Брисел, со прилози и Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог-листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавјето 1 Слободно движење на стоки при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

- **Информација за потребата од изработка на Стратегија за транспарентност со Акциски план (2023-2026) на Владата на Република Северна Македонија**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изработка на Стратегија за транспарентност со Акциски план (2023-2026) на Владата на Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Славица Грковска, во името на Владата на Република Северна Македонија, да потпише Меморандум за соработка со Фондацијата Метаморфозис.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење, Славица Грковска, да ги координира понатамошните активности за изработка на Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија со Акциски план (2023-2026) и за истото да достави Информација до Владата заклучно со јуни 2023 година.

Владата го разгледа Извештајот за бројот на пријави/поплаки до Електронскиот систем за поднесување на електронски пријави и поплаки поврзани со услугите кон јавната администрација и нивниот статус на решавање за период од 21.6.2022 година до 31.12.2022 година, како материјал за информирање.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила).

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи (четири патнички моторни возила).

**Точка 3**

Владата по Барањето за определување на паушал по состанок на членовите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со дополнувањето, ја донесе Одлуката за определување на паушал по состанок на членовите на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (деловни простории на булевар „Ослободување“ бр.2 во Кичево).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за изземање од стопанисување на недвижна ствар од Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изготвената Физибилити студија и можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Гевгелија, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за проектирање, изградба, финансирање, стопанисување и пренос на фотонапонски електроцентрали во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Струмица, ТИРЗ Гевгелија, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струга.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија(ГП бр.3.1, составена од КП бр.2/4, КО Белчишта) и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за економија.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП бр.8.1, составена од КП бр.30/1, КО Злести)и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со заклучок предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за економија.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Планот за реорганизација на Министерството за економија, бр.04-3663/1 од 29.7.2022 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија да го спроведе Планот за реорганизација на Министерството за економија, бр.04-3663/1 од 29.7.2022 година, согласно роковите утврдени во истиот.

**Точка 10**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за ревидирање на синтетизираниот извештај за реорганизација во делот на министерскиот систем на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 11**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно за изработка на Урбанистички план за село Горна Матка и Долна Матка за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Матка, КО Матка-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнително усогласување.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Четвртиот национален извештај за климатски промени, со текст на Четвртиот национален извештај за климатски промени, ја усвои Информацијата и го усвои Четвртиот национален извештај за климатски промени.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот „Изградба на фекален и атмосферски канализационен систем за населено место Градско Балдовци, Општина Струмица“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за изградба на фекален и атмосферски канализационен систем за населено место Градско Балдовци, Општина Струмица, во вкупна вредност од 84.655.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- средства во износ од 40.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ, за 2023 година и
- средства во износ од 44.655.000,00 денари, со вклучен ДДВ, за 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на Проектот „Изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 и 2024 година на Министерството за транспорт и врски, за изградба на фекална канализациона мрежа и главен колектор за н.м. Копаница, Општина Сарај, во вкупна вредност од 78.968.334,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- во 2023 година најмногу 35.000.000,00 денари со вклучен ДДВ;
- во 2024 година најмногу 43.968.334,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветни фискални години.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост.

## Точка 16

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници, со Предлог-текст со Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за периодот 2023-2025

година и ја донесе Одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за издавање егзекватура за генерален конзул на Република Бугарија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола, ја усвои Информацијата и ја издаде егзекватурата на г. Николаи Енев Димитров како именуван генерален конзул на Република Бугарија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола, со конзуларна зона на надлежност која ги опфаќа општините: Битола, Охрид Струга, Крушево, Кичево, Прилеп, Кавадарци, Гевгелија, Валандово, Струмица и Берово.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изработување на План за воспоставување на Национален електронски идентитет за секој граѓанин, со План за воспоставување и План за реализација, ја усвои Информацијата и го прифати Планот за воспоставување на Национален електронски идентитет за секој граѓанин, со План за реализација.

**Точка 19**

Владата ја донесе Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

Истовремено, се задолжуваат институциите предлагачи на законски иницијативи, кои имаат усогласување со ЕУ мерки, да го информираат Секретаријатот за европски прашања со цел истите да бидат внесени во законодавната база на НПАА и да се генерира соодветен ЕПП број.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Заеднички предизвик 2023“ („Common Challenge 2023“), во Црна Гора.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Република Албанија во Република Северна Македонија, со седиште во Тетово.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување почесен конзул на Република Албанија во Република Северна Македонија со седиште во Тетово.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2086 на Советот од 27 октомври 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/72/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Тунис и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2073 на Советот од 27 октомври 2022 година за спроведување

на Регулативата (ЕУ) бр. 101/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Тунис.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1944 на Советот од 13 октомври 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1936 на Советот од 13 октомври 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2018/1542 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1530 на Советот од 14 септември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1529 на Советот од 14 септември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Прилеп (техничка опрема).

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор Тетово.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор Скопје.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Воспитно-поправна установа Воспитно-поправен дом Тетово (техничка опрема).

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор Охрид (техничка опрема).

## Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка (техничка опрема и инвентар).

## Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, со Отворено одделение во Велес (техничка опрема).

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите во процесот на изработка на стратегија за паметна специјализација за истражување и иновации (С3) (статус септември 2022 година), со прилози, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за образование и наука и Министерството за економија да подготват и до 31 март 2023 година до Владата да достават Нацрт-стратегија за паметна специјализација за истражување и иновации (С3).

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за подобрување на транспарентноста и отчетноста на институциите од јавниот сектор преку објавување на задолжителните информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на веб-локациите на институциите, како и објавување на најчесто побарувани информации систематизирани по области и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата, органите во состав на министерствата, самостојните органи на државната управа, самостојните државни органи кои одговараат пред Владата на Република Северна Македонија, јавните претпријатија основани од страна на Владата на Република Северна Македонија, акционерските друштва во државна сопственост и им се укажува и на другите иматели на информации, во рок од 30 (триесет) дена од усвојување на оваа информација да ги објават задолжително информациите од член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кои досега ги немаат објавено, а објавените информации редовно да ги ажурираат на месечно ниво.

2. Се препорачува на сите иматели на информации опфатени во Заклучокот број 1, на своите веб-локации да ги објават анонимизирани барањата за пристап до информации од јавен карактер, заедно со одговорите кои веќе ги доставиле до барателот со цел да можат да бидат повторно употребувани од други физички и правни лица без повторно поднесување на барање со иста содржина и тоа:

- за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година, да ги објават до 28.2.2023 година;
- за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, да ги објават до 31.5.2023 година;
- за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, да ги објават до 31.7.2023 година.

3. Се задолжуваат сите иматели на информации опфатени во Заклучокот број 1, најдоцна во рок од шест месеци од усвојувањето на оваа информација да постават

банер со наслов „Информации од јавен карактер“ на видливо место на нивните веб-локации и истиот да води до информациите од јавен карактер, како и барањата и одговорите по барањата.

4. Се задолжуваат сите иматели на информации, опфатени во Заклучокот број 1, најдоцна во рок од шест месеци од усвојувањето на оваа информација согласно член 10 став 1 алинеја 22-„други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата“ од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, да ги објават систематизирано по области, како што е наведено во Упатството за подобрување на транспарентноста на институциите од јавен сектор приложено кон оваа информација.

5. Им се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија основани од општините, односно Град Скопје и општините во Град Скопје и на останатите институции кои се под надлежност на општините, како и на останатите иматели на информации од јавен карактер да ја следат мерката за подобрување на транспарентноста и отчетноста, со тоа што и тие ќе постапат по заклучоците број 1, 2, 3 и 4 од оваа информација.

6. Се препорачува на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер до Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за политики на добро владеење, на секои шест месеци да доставува податоци за реализација на заклучоците бр.1, 2, 3, 4 и 5 од оваа информација.

7. Се препорачува на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од пет дена од усвојување на оваа информација да го објави Упатството за подобрување на транспарентноста на институциите од јавниот сектор на својата веб-страница, а линкот за пристап до Упатството да го сподели со имателите на информации преку својата база на контакти на службени лица за слободен пристап на информации од јавен карактер.

## Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Христијан Карпош“, Куманово).

## Точка 36

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Имри Елези“).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Васил Главинов“).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „7 Марси“).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Тефејјуз“).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Лирија“).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Битолски конгрес“).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Јашар Беј Шкупи“).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Хасан Приштина“).

## Точка 37

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Стив Наумов“).

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Коле Канински“).

4.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Тодор Ангелевски“).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „д-р Трифун Пановски“).

6.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Елпида Караманди“).

7.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Ѓорѓи Сугарев“).

8.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“).

9.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Даме Груев“).

10.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ село Бистрица).

11.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ОУ „Свети Кирил и Методиј“).

12.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на ООУ „Александар Турунџев“ село Кукуречани).

**Точка 38**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (за потребите на ООУ „Никола Петров Русински“- Русиново, Берово).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (за потребите на ООУ „Дедо Иљо Малешевски“ п.о Берово).

**Точка 39**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (за потребите на ООУ „Св. Кирил и Методиј“, с. Иловица).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (за потребите на ООУ „Борис Трајковски“, с. Моноспитово) и

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Босилово (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, с. Босилово).

**Точка 40**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Жупа (за потребите на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“) и

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар Жупа (за потребите на ООУ „Неџати Зеќерија“ с. Коџаџик).

**Точка 41**

Владата ги разгледа Предлог-одлуките за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево (2) и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево (за потребите на ООУ „Климент Охридски“, Облешево, Чешиново-Облешево).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“ с.Соколарци, Чешиново-Облешево).

**Точка 42**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (за потребите на ООУ „Петре Поп Арсов“, с.Богомила).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (за потребите на ООУ „Тодор Јанев“).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чашка (за потребите на ОУ „Лирија“, с.Горно Јаболчиште).

**Точка 43**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „11 Октомври“ Скопје, Центар).

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Центар (за потребите на ООУ „Коле Неделковски“ Скопје).

3.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“- Скопје).

4.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Димитар Миладинов“, Скопје, Центар).

5.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Центар-Скопје).

6.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Скопје, Центар) и

7.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Скопје- Центар).

**Точка 44**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „7 Март“ Чаир Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“ Скопје Чаир).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Лирија“, Чаир, Скопје).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Тефејјуз“, Скопје, Чаир).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Хасан Приштина“, Скопје, Чаир).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Имри Елези“, Скопје, Чаир).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Јашар Беј Шкупи“, Скопје, Чаир).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Битолски конгрес“, Општина Чаир, Скопје).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (за потребите на ООУ „Васил Главинов“, Општина Чаир, Скопје).

## Точка 45

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Богданци (за потребите на ООУ „Петар Мусев“, Богданци).

## Точка 46

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со горенаведениот Предлог на закон се предлага дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадената вредност на физичките лица, односно по членот 9-а да се додаде нов член 9-б, кој би се однесувал, односно би бил во сила во услови на прогласена кризна состојба секој викенд граѓаните да добијат целосен поврат за платениот данок на додадена вредност на купени прехранбени производи.

Согласно постојното решение, член 3 став (3) пропишано во Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 133/19….244/20), враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на македонски добра и услуги се врши во висина од 20% од пресметаниот данок искажан во поединечна фискална сметка.

Враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на останати добра и услуги се врши во висина од 10% од пресметаниот данок на додадена вредност искажан во поединечна фискална сметка.

Согласно член 3 став (4) од Законот, правото на враќање на данокот се остварува за секое календарско тримесечје во кое е издадена фискалната сметка.

Согласно член 3 став (5) од Законот, највисока основица за пресметување на данокот за враќање, за едно календарско тримесечје, е искажаниот данок на додадена вредност во фискалните сметки во висина од 12.000 денари.

Во 2020 година, мерката ,,викенд без ДДВ“ беше меѓу првите мерки од четвртиот пакет мерки кои ги донесе Владата на Република Северна Македонија со цел справување со последиците од пандемијата предизвикана од вирусот ковид-19.

Имајќи го предвид горенаведеното во претстојниот период ќе се земат предвид одредбите од доставениот Предлог на закон, притоа надлежните субјекти ќе извршат консултација и анализа во однос на предметното барање во рамки на надлежностите на Министерството за финансии како орган во состав на Владата на Република Северна Македонија.

Дополнително во тек се анализи за одредени измени и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, а кои, исто така, би значеле поголеми права во однос на правото за враќање на данокот на додадена вредност на физичките лица.

Од причина што во согласност со спроведената анализа и ефектите на мерката мој ДДВ, во претстојниот период ќе се излезе со конкретна мерка за граѓаните каде се очекува зголемување на износот кој им се враќа на граѓаните преку мерката мој ДДВ, а се со цел зголемена потрошувачка на добра и услуги, а и поголема даночна контрола на субјектите кои вршат готовински промет Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието да не го донесе предложениот закон.

**<u>Точка 47</u>**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење

Имено, со горенаведениот Предлог на закон се предлага да се продолжи периодот на примена на даночна стапка од 5% за прометот на електрична енергија за домаќинства и во 2023 година, како и примена на даночна стапка од 10% на електрична енергија од 1.1.2024 до 31.12.2024 година. Исто така, дополнително се предлага и намалување на ДДВ за менструални производи од 18% на 5%.

Во однос на наведеното, во изминатиот период се иницираше реализација на повеќе мерки, меѓу кои и пролонгирана примена на повластена стапка на данокот на додадена вредност за прометот со електрична енергија кон домаќинствата и ослободување од плаќање на данок на додадена вредност за увозот на природен гас, електрична енергија, топлинска енергија и енергијата за разладување, а со цел ублажување на негативните ефекти од енергетската и ценовната криза и заштита на животниот стандард на граѓаните.

Дополнително, согласно постојниот Закон за данокот на додадена вредност, прометот на електрична енергија кон домаќинствата во период од 1 јануари 2023 до 30 јуни 2023 година е цел на оданочување со повластена даночна стапка на данок на додадена вредност во висина од 10%.

Исто така, мерките со кои се пропишаа повластени стапки за електрична енергија кон домаќинствата се од привремен карактер и по однос на истите значаен износ од аспект на фискални импликации е отстапен на граѓаните со цел заштита на нивниот животен стандард.
Дополнително, Владата на Република Северна Македонија во текот на декември 2022 година достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, со кој се предлага намалување на даночната стапка од 18% на 5% за прометот со менструални производи.

Исто така, и во иднина врз база на сеопфатни анализи и најдобри практики Владата на Република Северна Македонија ќе носи мерки со цел заштита на животниот стандард на граѓаните и развој на економијата.

**<u>Точка 48</u>**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за 2023 година, со Предлог-одлука и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 12 од Законот за поштенските услуги, Годишната програма за работа на Агенцијата за пошти за наредната година се доставува до Собранието на Република Северна Македонија и истата содржи програма за работа за наредната година, финансиски план за наредната година и одлука за вредноста на поенот за пресметување на годишниот надоместок.

Во Финансискиот план на Агенцијата за 2023 година, приходите и расходите на Агенцијата се планирани во вкупен износ од 37.000.000,00 денари и истите во однос на планираните во 2022 година се намалени за 0,8%. Во рамките на планираните приходи, сопствените приходи-приходите од годишен надоместок од давателите на поштенски услуги се планирани на пониско ниво од 2022 година, односно во однос на 2022 година се намалени за 3,85%.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2023 година, одредени расходи се планирани на исто или пониско ниво во однос на планираното во 2022 година, а одредени расходи се планирани на повисок износ во однос на планираниот за 2022 година и тоа: потрошени материјали, потрошена енергија, други услуги (копирање, печатење и издавање и изнајмување), издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, средства за дневници за службени патувања и патни трошоци. Притоа е дадено образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Имајќи ги предвид определбите на Владата на Република Северна Македонија за намалување на непродуктивните расходи во јавниот сектор, да се разгледа можноста за преиспитување на зголемувањето на расходите за потрошени материјали, репрезентација, како и дневници за службени патувања и патни трошоци.

## Точка 49

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, за период од 1 октомври 2021 година до 30 септември 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно одредбите од Законот за високото образование, ректорот е должен најмалку еднаш во годината до Сенатот, Универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на Универзитетот.

Доставениот извештај претставува ретроспектива на сите реализирани активности на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје во текот на периодот 1 октомври 2021 година-30 септември 2022 година, кои се во насока на остварување на квалитетен наставно-образовен и научно-истражувачки процес на студирање.

Имајќи предвид дека во дописот даден е само наративен дел со бројни детали за реализираните активности во текот на академската 2021/2022 година, односно отсуствува финансиски извештај за работењето на Универзитетот, Владата на Република Северна Македонија укажува на потребата од задолжително прикажување на кумулативни финансиски показатели на работењето на Универзитетот согласно Правилникот за класификација на расходите.

## Точка 50

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, за академската 2021/2022 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно одредбите од Законот за високото образование, ректорот е должен еднаш во годината до Сенатот и основачот, да поднесе извештај за својата работа и за работата на Универзитетот.

Доставениот извештај за работа претставува ретроспектива на сите реализирани активности на органите и телата на универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола, во академската 2021/2022 година, кои се во насока на остварување на квалитетен наставно-образовен и научно-истражувачки процес на студирање.

Имајќи предвид дека во доставениот материјал отсуствува Извештајот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола за финансиското работење за 2021 година, Владата на Република Северна Македонија неможе да се произнесе од фискален аспект, односно да утврди дали истиот соодветствува со трезорската евиденција.

## Точка 51

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.115/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 113 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на ставот (4) од член 113 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во делот „ставот (4) на“, поради што бара од Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставност и да ја укине оспорената законска одредба како спротивна на Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на наводите изнесени во Иницијативата, дека самата одредба е конфузна и не е во согласност со начелото на владеење на правото од членот 8, став 1, алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи упатува на (примена на) самата себе си, каде што такво нешто не уредува, се смета дека истата е неоснована, од причина што очигледно е дека се работи за техничка грешка сторена при уредувањето на законската одредба, односно дека наместо нумерацијата „(4)“ кој е оспорен дел, треба да стои нумерацијата „(3)“.

Според ова, ваквата техничка грешка не остава простор за забуна во нејзината примена, бидејќи од содржината која му претходи на оспорениот дел во ставот 4 на членот 113 од Законот за општата управна постапка, јасно произлегува дека оспорениот дел се однесува на ставот 3 на наведениот член од Законот.

Согласно член 8, став (1), алинеи 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелни вредности на уставниот поредок меѓу другото, се утврдени основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото.

Согласно член 50, став (3) од Уставот, граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.
Согласно член 51, став (1) од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Во членот 113 од Законот за општата управна постапка, достава на решението по жалба, е утврдено дека „(1) Органот што ја решил работата во втор степен го испраќа своето решение, со списите на предметот во електронска форма до првостепениот орган, кој е должен решението да го достави до странките во рок од осум дена од денот на приемот на решението со списите. (2) Доколку странката побарала управниот акт да се издаде во електронска форма, второстепениот орган го доставува управниот акт непосредно до странката. (3) Доколку странката побарала управниот акт да и се достави во писмена форма, првостепениот орган е должен управниот акт добиен од второстепениот орган да го завери дека е верен на оригиналот. (4) Управните акти заверени на начин утврден во ставот (4) на овој член се конечни и извршни."

Одовде, оспорената одредба, ставот (4) на членот 113 од Законот за општата управна постапка не може да се гледа изолирано сама за себе, туку во контекст на целината на погорецитираната законска одредба, односно членот 113 кој подетално го уредува доставувањето на решението на второстепениот орган по жалбата, каде во ставот (3) јасно е утврдено доколку странката побарала управниот акт да и се достави во писмена форма, првостепениот орган е должен управниот акт добиен од второстепениот орган да го завери дека е верен на оригиналот.

Членот 113 од Законот е во функција на реализација на членовите 109, 110, 111 и 112 од Законот за општата управна постапка и истиот не утврдува никаква непрецизност или двосмисленост.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека одредбата од членот 113, став (4) од Законот за општата управна постапка е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, односно не е противуставна и со истата не се нарушуваат темелните вредности за владеење на правото, при што не станува збор за суштинска, туку за техничка неусогласеност на одредбата, односно грешка при повикувањето на предметната одредба на друга соодветна одредба и истата не создава нејаснотија во пракса, ниту предизвикува правна неусогласеност, а законодавецот ќе ја има во предвид при првата наредна измена.

Истовремено, со поддршка на СИГМА, веќе се работи на изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка, заради надминување на сите проблеми и недостатоци што се воочени од неговата досегашна примена, при што со овие измени и дополнувања на Законот ќе биде опфатен и членот 113, став (4).

За претходно наведеното, Уставниот суд веќе има одлучено со Решение У.бр.4/18 од 7.11.2018 година.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата смета дека оспорената одредба од член 113, став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), не е во несогласност со член 8, став 1, алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 113, став (4) од Законот за општата управна постапка.

## Точка 52

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Бојан Стојевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.113/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/10) и притоа го утврди следното мислење

Според наводите на именуваниот, законодавецот во 2010 година утврдил основица за пресметка на плата на избраните и именуваните лица во износ од 25.726,00 денари, која подоцна во повеќе наврати процентуално ја зголемувал, со темпорални одредби во законските изменувања (член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12). Во член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/12) и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 170/13) е наведено истото.

Последната измена во оваа насока, која во моментов се применува е направена со членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/14). Ваквото решение значи дека законодавецот создал две важечки правни правила од 2010 година и 2014 година, кои претставуваат основица за пресметка на плата за сите избрани и именувани лица.

Именуваниот, дополнително во Иницијативата наведува дека со ваквите измени законодавецот грубо го повредува овој принцип со фактот, што во 2010 година со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/10) со член 4 се менува член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/09 и 42/10), со што во изменетиот член 4 утврдено е дека „Од јануари 2012 година се применува основицата во износ од 25.726 денари“. Ваквото законско решение според наводите во Иницијативата може да се толкува на начин што платите на избраните и именуваните лица од 2012 година се на одреден начин замрзнати со основица од 25.726.00 денари, зголемена за 4% во 2014 година со донесување на Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/14).

Според наводите во Иницијативата, напред наведеното не е во согласност со член 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18 и 233/18) во кој е утврдено дека: „Основицата за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.“ Во тој контекст подносителот на Иницијативата смета дека треба да се има предвид фактот што во моментов просечната месечна нето-плата во Република Северна Македонија изнесува 31.871.00

денари, а истата е објавена на интернет страницата на Државниот завод за статистика.

Во Иницијативата на именуваниот стои дека како резултат на ова со примена на оспорените одредби се создаваат услови за различно толкување на оспорените одредби, наспроти утврденото со член 11 од интегралниот текст од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со сите негови измени и дополнувања, поради што се создава проблем во пресметката на платите на избраните и именуваните лица. Ваквото нешто е и причина да се смета дека оспорените одредби не се во согласност со владеењето на правото, односно правната сигурност како суштински принцип на оваа темелна вредност, а кој е предвиден со член 51 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија. Според наводите во Иницијативата, е повреден и член 32 од Уставот, според кој секој вработен има право на заработувачка (плата) и тоа соодветна согласно правото што произлегува од неговиот статус на вработен, а остварувањето на ова право, како и на другите претходно наведени права утврдени со закон и со колективни договори.

Според напред наведеното, подносителот на Иницијативата смета дека се дозволува нееднаквост на граѓаните пред законите, дека се внесува дискриминација во сферата на работните односи и дека се ставаат во поповолна положба некои граѓани наспроти други и истиот смета дека овие одредби се во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на наводите во Иницијативата, се укажува на следното:
Со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/10), со членот 2 се врши измена на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/09), во кој годината „2010“ се заменува со годината „2011“.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/10) со член 3 се врши измена на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци за избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/09), при тоа што во изменетиот член износот од „26.229.00“ се заменува со износ од „25.726.00“, а годината „2010“ се заменува со годината „ 2011“.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/10), со членот 3 се менува членот 1 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/09 и 42/10). Измената во членот 3 гласи: „Платите на избраните и именуваните лица во Републиката во 2012 година може да се зголемат за 10% започнувајќи со исплатата за септември 2012 година“.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/10), со член 4 се менува член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/09 и

42/10). Измената гласи: „Основицата утврдена согласно член 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/98, 37/05, 84/05, 121/07 и 161/08), износот од 23.153 денари, се применува заклучно со исплатата на платите за декември 2011 година, а од јануари 2012 година, се применува основицата од 25.726.00 денари.“

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12) член 1 го менува член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/10) и измената гласи: „Платите на избраните и именуваните лица во Републиката во 2012 година можат да се зголемат за 5% започнувајќи со исплатата на платите за декември 2012 година.“

Со Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/12) со член 1 се менува член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12) и измената гласи: „Платите на избраните и именуваните лица во Републиката во 2013 година може да се зголемат за 5% започнувајќи со исплатата на платите во декември за 2013 година.“

Со Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 170/13) со член 1 се менува член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/12), измената датата „2013 година“ се заменува со датата „2014 година“, а датата „декември 2013 година“ се заменува го датата „октомври 2014 година“.

Со Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/14) со член 1 се менува член 1 во Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/12) и изменетиот член гласи: „Платите на избраните и именуваните лица во Републиката во 2014 година може да се зголемат за 4% започнувајќи со исплатата на платите од октомври 2014 година.“

Во член 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/90, 44/90- исправка, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18) е уредено дека: „Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.“

Во член 8 од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91) е предвидено дека:

„Темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се:

- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност; соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
- правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во Република Северна Македонија слободно е сѐ што со Уставот и закон не е забрането."

Во член 32 во Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека:
„Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност.
Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.
Секој вработен има право на соодветна заработувачка.
Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор.
Од овие права вработените не можат да се откажат.
Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори."

Во член 51 во Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека: „Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите".

Согласно напред наведеното се смета дека ваквото законско решение е во согласност со целта која треба да ја постигне измената на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија, и истото тоа законско решение е во согласност со членовите 8, 32 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, со измените на Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/10) со членот 4 се менува членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/09 и 42/10). Во текстот на изменетиот член 4 се менува само основицата која е претходно утврдена со закон. Со оваа измена се прави само измена (зголемување) на основица која е веќе претходно утврдена со закон, односно истата таа се зголемува од 23.153 денари на 25.726 денари.

Со член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 139/14) се прави измена на веќе постојната основица направена во 2012 година, односно се дава можност за нејзино зголемување од 4%. Со оваа измена висината на основицата претходно зголемена повторно и дополнително се зголемува и

истата таа се засметува почнувајќи од октомври 2014 година, а ќе се применува за наредниот период. Со ваквите законски измени на основицата се направени промени на основицата за пресметка на плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија, која важела и се применувала во зголемен износ за одреден период, наспроти износот кој би изнесувал со системското решение предвидено во член 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90-исправка, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18).

Согласно напред наведеното се смета дека оспорениот дел од членот 3 на Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/10), како и оспорениот дел од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/14), се во согласност со членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/90, 44/90-исправка, 11/91, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18), односно истите правни одредби се во согласност со членовите 8, 32 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/10) и членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/14).

## Точка 53

Владата ја разгледа Иницијативата од ДобраПетковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 98/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19) и притоа го утврди следното мислење:

Поднесената Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за социјална сигурност за старите лица е нејасна, од причина што не е видно кој дел од законот се оспорува, при што погрешно е наведено дека овој пропис е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19 и 271/19. Воедно, подносителот погрешно ги заснова наводите во Иницијативата на одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, Законот за социјалната заштита и позаконската регулатива. Имено, во член 261 став 5 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22) е уредено дека изјавена жалба не го одложува извршувањето на првостепено решение донесено од надлежен центар за социјална работа. Во Иницијативата не е наведен кој подзаконски и конкретен акт се оспорува, при што погрешни се наводите дека е повреден членот 36 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, со оглед дека оваа одредба се однесува на уставната гаранција за посебните социјални права

на борците од Антифашистичката војна и од сите национални ослободителни војни на Македонија, на воените инвалиди, на прогонетите и затворените за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, како и на членовите на нивните семејства кои немаат можност за материјална и социјална егзистенција.

Социјалната праведност во системот на социјалната заштита се остварува преку преземање на мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, при што се утврдени условите за остварување и користење на правата од социјалната заштита. На овој начин се овозможува граѓаните да имаат право на социјална заштита согласно со закон и начелото на социјална праведност, при што се овозможува владеење на правото и не се ограничуваат слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Правна основа за регулирање на системот на социјалната заштита претставуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, и тоа член 34, со која одредба е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор и член 35, со која одредба е уредено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност, им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани, им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Со Законот за социјална сигурност за старите лица, во системот на социјалната заштита се овозможи зголемување на ефективноста на паричните давања и намалување на процентот на сиромаштијата кај старите лица над 65 годишна возраст, кои неможат да обезбедат средства за егзистенција по други основи. Овој пропис се заснова на уставната определба дека социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните се обезбедува согласно начелото на социјална праведност и гарантираното право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани и во согласност со член 8 став 1 алинеја 1, член 9, член 34, член 35 и 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, а имајќи предвид дека во Иницијативата погрешно е наведено означувањето на законот и позаконскиот акт што се оспоруваат, не е наведено во кој дел се оспоруваат, причините за нивно оспорување, погрешно се наведени одредбите од Уставот што се повредуваат со Законот за социјална сигурност за старите лица, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за социјална сигурност за старите лица, поради процесни пречки за одлучување по истата.

## <u>Точка 54</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.121/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 став 1 во делот „(3) и (4)“од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/11) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на член 1 став 1 во делот „(3) и (4)“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.136/11), заради наводна несогласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна

Македонија, бидејќи во правниот промет може да дојде до правна несигурност, нејаснотии и забуни во практикувањето на правото за субјектите кои се засегнати со конкретната правна проблематика, како и за органите кои го применуваат овој закон.
2. Членот 1 ставовите 1 и 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.136/11) гласи:
„Во Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/10), во членот 33 по ставот (1) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:
„(2) За добивање на дозволата од ставот (1) на овој член, правното или физичкото лице до Министерството за здравство поднесуваат барање на образец чија форма и содржина ги пропишува министерот за здравство.
(3) По барањето од ставот (2) на овој член Министерството за здравство е должно во рок од 30 дена да ја издаде дозволата од ставот (1) на овој член или да донесе решение за одбивање на барањето за издавање на дозволата.
Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (4), (5), (6), (7) и (8).“

3. Од анализата на наводите во Иницијативата и на цитираните законски одредби, произлегува дека во суштина подносителот на Иницијативата бара Уставниот суд да се впушти во уставно-судска оцена и да констатира дека законодавецот направил грешка, односно дека има погрешно упатување на ставовите во делот „(3) и (4)“.
Во конкретниот случај, станува збор за очигледна техничка грешка, којашто, не е од влијание во однос на правната сигурност на граѓаните, односно не може да предизвика забуна во однос на правилната примена на одредбите од оспорениот закон.
Со оглед дека наводите се сведуваат на барање за постапување кое е во надлежност на законодавецот, а не на Уставниот суд, бидејќи законодавецот е орган чијашто надлежност е да ги креира прописите, да ги менува и дополнува, а воедно и да врши технички исправки, измени и дополнувања на прописите коишто ги донесува.
Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија укажува дека член 1 став 1 во делот „(3) и (4)“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.136/11) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.121/2022 за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 1 став 1 во делот „(3) и (4)“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.136/11).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.122/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 49 став 4 точка 2 („став (5)“) од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/14, 178/14, 199/15, 197/17, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 150/21 и 236/22) и притоа го утврди следново мислење:

Со Инцијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на делот „став (5)“ од член 49 став 4 точка 2 од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 150/21 и 236/22), со оглед дека извршената измена на член 10, односно на член 49 став (4) од Законот за задолжителни нафтени резерви со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр.150/21), можела да доведе до заблуда во примената на одредбата, кое нешто не е во согласност со начелото на владеење на правото.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21), извршени се измени во членот 10 од Законот, така што ставот (2) се брише, а ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (2), (3) и (4). Согласно наведеното, членот 10 останува со четири става. При усогласувањето на законските одредби со направените измени, во членот 49 став (4) точка 3) од Законот за задолжителни нафтени резерви направен е превид, при што наместо да се изврши соодветна измена и да стои „член 10 став (4)“ останало да стои „член 10 став (5)“.

Имено, со оглед на претходно наведеното, а во врска со наводите изнесени во предметната Иницијатива, се укажува дека истите се неосновани, бидејќи во конкретниот случај станува збор за очигледна техничка грешка, која грешка не е од влијание во однос на правната сигурност на граѓаните, односно не може да предизвика забуна во однос на правилната примена на одредбите од Законот и со истите не се нарушува темелната вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, владеењето на правото, предвидена во член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија. Во конкретниот случај не станува збор за суштинска, туку исклучиво за техничка неусогласеност на одредбите од Законот.

Дополнително, предметната техничка грешка при првата наредна измена на Законот за задолжителни нафтени резерви ќе биде земена во предвид и истата соодветно ќе се коригира.

Имајќи го предвид горенаведеното, делот „став (5)“ од член 49 став 4 точка 2 од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/14, 178/14, 199/15, 197/17, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 150/21 и 236/22) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 49 став 4 точка 2 („став (5)“) од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/14, 178/14, 199/15, 197/17, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 150/21 и 236/22).

**<u>Точка 56</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев, од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.119/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 29 став 2 во делот „во втор степен формирана од страна на министерот за економија, при што претседателот на Комисијата задолжително ќе биде од редот на раководните државни службеници во инспекциската служба кој нема да биде вклучен во вршењето на инспекцискиот надзор“ од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 35/11, 84/12, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите во поднесената Иницијатива со У.бр. 119/22 од 12.12.2022 година од страна на подносителот Игорчо Точев од Скопје се неосновани од следниве причини:

Имено, наводите во поднесената Иницијатива дека погоре цитираниот оспорен дел од ставот (2) на член 29 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати може да доведе до заблуда при неговата примена и дека истиот не е усогласен со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/14), се неосновани од причина што подносителот пропуштил да го наведе фактот дека поднесува иницијатива за член од закон кој престанал да важи, заклучно со 31.12.2020 година.

Ставот (2) од член 29 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати е изменет со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр.35/11 од 22.3.2011 година, со која измена е извршено усогласување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати со одредбите од тогаш важечкиот Закон за инспекциски надзор објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, со кој во членот 43 став (2) е пропишано дека „По жалба против одлуките на инспекторот во инспекторат одлучува посебна комисија при министерството составена од три члена кои ги именува министерот.".

Во таа насока, а со цел да се овозможи двостепеност во одлучувањето, извршена е измена на ставот (2) од член 29 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, на начин што е предвидено комисијата за решавање по жалби во втор степен да ја формира министерот за економија, од причина што надлежните инспекторати за постапување по задолжителните нафтени резерви биле органи во состав на Министерството за економија.

Подносителот на Иницијативата се повикува на неусогласеност на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати со Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор стелен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/14), кој отпочнал со примена во февруари 2015 година, меѓутоа направил превид дека во септември 2014 година беше донесен нов Закон за задолжителни нафтени резерви кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 144/14 и кој требаше да отпочне со примена на 1 јануари 2015 година, а во овој нов закон прашањето за инспекциски надзор е регулирано во членот 42 кој гласи: „Инспекциски надзор на задолжнтелните резерви врши Државниот пазарен инспекторат и Државниот инспекторат за техничка инспекција во согласност со нивните надлежности утврдени со закон.".

Исто така, сметано од март 2011 година кога е донесена оспорената одредба, па се до престанокот на важност на стариот Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ниту еднаш не е постапено по членот 29 став (2) од истиот, од причина што немало ниту еден случај на поднесена жалба од страна на трговските друштва против донесено решение за вршење на инспекциски надзор, односно ниту еден субјект не претрпел штетни последици од предметната одредба.

Имено, Владата на Република Северна Македонија укажува дека со член 52 од Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија" бр.144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 150/21 и 236/22), Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати на кој се однесува предметната Иницијатива престанува да важи.

Законот за задолжителни нафтени резерви согласно член 56 почнува да се применува од 1.1.2021 година.

## Точка 57

Владата ја разгледа Иницијативата од Јордан Апостолоски, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.118/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 290/20 и 247/22) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 32 од Законот за даночна постапка „Гаранција при ликвидација“ од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 290/20 и 247/22) (во понатамошниот текст: Законот).

Имено, подносителот на Иницијативата во истата наведува дека ја поднесува оваа Иницијатива поради повреда на темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, односно повреда на уставно загарантираните права наведени во член 8 став 1 алинеи 3 и 6 и повреда на граѓанските и економските права, а во врска со член 110 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, но и утврдување на повреда и неусогласеност на истите, поради повреда на правната заштита на сопственоста, како и повреда на владеењето на правото.

Подносителот на оваа Иницијатива како причини за оценување на уставноста и законитоста го наведува делот од членот 32 од Законот кој се однесува на управителот на друштвото и неговата одговорност. Имено, тој го поставува прашањето: Зашто управителот би го платил преостанатиот даночен долг во случај да нема доволно парични средства друштво со ограничена одговорност (ДОО) при исполнување на даночниот долг во целост? Тој смета дека управителот како физичко лице не може да одговара со неговиот личен имот во име на друштвото со ограничена одговорност, на кое не е ни основач. Тој смета дека на овој начин, со оваа одредба, се задира во личната сопственост на управителот како физичко лице и ваквата определеност и формулација е во спротивност со уставната загарантирана правна заштита на сопственоста. Подносителот на Иницијативата понатаму наведува дека одлуката за ликвидација во друштвата со ограничена одговорност ја носат содружниците, па управителот како физичко лице кој нема влијание во одлуките и намерите на содружниците, не би требал да биде гарант во ликвидација за долговите кои ги направиле самите содружници. Поради ова тој смета дека со ваквата одредба се прејудицираат и заштитуваат само правата на државата по секоја цена и на сметка и на другите доверители и обични физички лица кои имаат својство на управители и свесно и на штета на физичко лице во својство на управител, по секоја цена се задира во неговата лична сопственост и правата кои произлегуваат од истата, а тоа е спротивно и на Протоколот 2 од Европската конвенција за човекови права. Подносителот на Иницијативата смета дека со оваа одредба може да се задира само во сопственоста на правното лице и одговорни можат да бидат само содружниците во рамките на нивните удели, а не да се задира во личниот приватен имот и сопственост на физичко лице кое имал својство на управител.

Врз основа на наводите од Иницијативата од Јордан Апостолоски, адвокат од Скопје и на сè погоре наведено, најпрво се напоменува дека согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредноста на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Со Законот за даночна постапка се уредува општото даночно право, постапката за утврдување на данок, постапката на контрола на данок, постапката на наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка. Овој закон е единствена основа на општото даночно право и на даночната постапка и се применува на даноците, другите јавни приходи, на споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи, како и на паричните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, кривичните и управните постапки во корист на Република Северна Македонија.

Оспорениот член од страна на подносителот на Иницијативата, членот 32 од Законот за даночна постапка се однесува на гаранција при ликвидација. Согласно наведениот член, доколку правното лице во ликвидација нема доволно парични средства да го исполни даночниот долг во целост, вклучувајќи ги и приходите од продажбата на имотот, преостанатиот даночен долг ќе го платат основачите, управителот или членовите на управата, ако, во согласност со законот, статутот или актот за основање на правното лице, се солидарно или според удел одговорни за обврските на правното лице. Во случај на одговорноста според удел, гаранцијата се ограничува на соодветниот удел.

Даноците се давачки на даночниот обврзник кои мора да бидат платени без конкретни противуслуги, кои служат за општо државно добро и кои на сите даночни обврзници им се наметнати со закон.

Даночен обврзник е оној кој должи данок, гарантира за данок, треба да плати или наплати данок за сметка на трето лице, треба да поднесе даночна пријава и/или даночно објаснување, мора да води книги или записи или мора да исполнува други обврски коишто му се наложени со даночните закони.
Законот за даночна постапка се темели на начелото на законитост и слободно одлучување. Имено, Управата за јавни приходи е должна да ги утврдува сите факти кои се битни за донесување на законити одлуки, при што мора подеднакво да ги земе предвид фактите кои одат во прилог и на штета на даночниот обврзник. Доколку Управата за јавни приходи има законско право за слободно одлучување, тогаш ова слободно одлучување мора да биде во согласност со целта на ова право и да ги почитува законските граници на слободното одлучување.

Понатаму, Законот за даночна постапка се темели и на начелото на утврдување на фактичка состојба, што значи дека даночните факти се утврдуваат согласно даночните закони и нивната економска суштина.

Во контекст на ова, а со цел дообјаснување на оспорениот член 32 од Законот за даночна постапка, би сакале да напоменеме дека со Законот за облигациони односи се регулирани правната и деловната способност на физичките и правните лица. Деловно способното лице самостојно изјавува правно релевантна волја, а воедно и согласност за склучување на одреден договор кој предизвикува правни последици односно права и обврски. Имено, Уставот ја содржи општата определба за еднаквоста на сите пред законите, која треба да се сфати како еднаквост и на физичките и на правните лица, односно еднаквост која се остварува во рамките на едно граѓанско општество. Еднаквоста се осликува во еднаквиот степен на правниот субјективитет, односно поседување на правна и деловна способност (и секако деликтна), па врз

основа на овие видови на правна способност граѓаните имаат можност за стекнување на различен вид и обем на правни овластувања низ животот, кои се и нивен избор.
Во контекст на погоре напишаното, членот 15 од Законот за даночна постапка се однесува на злоупотреба на правните договорни можности. Овде законодавецот предвидел член кој јасно и недвосмислено вели дека со злоупотреба на правните договорни можности не може да се одбегне даночниот закон, па доколку постои злоупотреба, даночната обврска се регулира на истиот начин како што се регулира при правен договор кој одговара на економските дејствија.

Понатаму, согласно член 3 став 1 точка 16 од Законот за трговски друштва, „Застапник по закон“ е извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот кои во согласност со овој закон, го застапуваат друштвото.
Согласно став 1 точка 33 од истиот член, одговорно лице во јавното трговско друштво е содружникот, овластен да управува и да го застапува друштвото, ако управувањето не е доверено на трето лице (управител); во командитното друштво и во командитното друштво со акции тоа е комплементарот, ако управувањето не е доверено на трето лице (управител); во друштвото со ограничена одговорност -управителот, односно управителите, член на надзорниот одбор, односно контролорот и во акционерското друштво -член на органот на управување, односно член на надзорниот одбор и раководните лица во трговските друштва.
Согласно член 231 од Законот за трговски друштва, со друштвото управува управител, односно управители. Кога во друштвото има три или повеќе управители, тие можат заедно да управуваат со друштвото како орган на управување на друштвото на начин определен во договорот за друштвото. Составот, организацијата, работата и надлежностите на органот на управување на друштвото се определуваат во договорот за друштвото.
За управител може да биде избрано физичко лице кое е деловно способно, но не може да биде избрано лице на кое со правосилна судска одлука делумно или во целост му е забрането да врши професија, дејност или должност што е поврзана со функцијата управител на друштвото додека трае забраната.
Согласно член 234 од истиот Закон, управителот, неговото овластување за застапување на друштвото и сите промени, без одлагање, се запишуваат во трговскиот регистар. Понатаму, управителот има свои овластувања кои може да се определени во договорот за друштвото. Друштвото во односите со трети лица го застапува управителот и со што влијае на економските одлуки и процеси на правното лице.
Помеѓу другите права и обврски кои ги црпи управителот од својата положба, согласно Законот за трговски друштва, е и одговорност за водење на трговските книги и одговорноста за навремено изготвување на годишната сметка. Тој е одговорен за уредното водење на трговските книги на друштвото, во согласност со законот и со другите прописи, но и за навремено изготвување на годишната сметка и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и е должен, најдоцна во рокот утврден со овој закон, да му ги поднесе на собирот на содружниците.
Согласно член 241 од истиот закон, Управителот е должен да ги води работите на друштвото со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чува деловната тајна на друштвото. Тој е лично и неограничено одговорен, а ако друштвото има двајца или повеќе управители тие одговараат и солидарно, спрема друштвото и спрема третите лица за работењето спротивно на одредбите на законот и другите прописи и за непочитувањето на договорот за друштвото. Доколку има повеќе управители тие одговараат неограничено и солидарно. Управителот мора посебно да ја надомести штетата ако, спротивно на овој закон и на договорот за друштвото, изврши поделба на имотот на друштвото, односно ако на содружниците делумно или во целост им ги врати влоговите, им исплати камати или добивка или ако друштвото стекне сопствен удел, ако гоземе во залог или ако го повлече уделот. Управителот е одговорен лично

и за штетата што ќе му ја предизвика на друштвото со правна работа што ја склучил со друштвото во свое или од туѓо име, а за своја сметка, ако за тоа претходно не добил согласност од органот за надзор, а ако друштвото нема орган на надзор, согласност од другите управители, ако содружниците во друштвото избрале повеќе управители.
Имено, тука се наметнува прашањето, зошто управителот за својата работа би одговарал неограничено и солидарно спрема друштвото и спрема трети лица, а не и пред органот за администрирање на данокот.
Подносителот на Иницијативата за уставност се повикува и на членот 181 став 2 од Законот за трговски друштва, каде е определено дека "од одговорноста се ослободува управителот кој не знаел за фактите врз кои се темели одговорноста, ниту за нив морал да знае и кој постапувал со внимание на уреден и совесен трговец", за што подносителот на Иницијативата вели дека ова упатува токму на тоа дека управителот не знаел и не можел да знае за одлуките што ќе ги донесат содружниците.
Согласно погоре наведените одредби од истиот закон, управителот е должен да знае за одлуките кои се носат во друштвото, но сепак доколку вакви случаи се случат во пракса, тој своето право на докажување може да го оствари пред надлежен орган.
Имајќи го предвид горенаведеното, член 32 „Гаранција при ликвидација“ од Законот за даночна постапка е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 32 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 88/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 290/20 и 247/22).

## <u>Точка 58</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Друштво за градежништво, инженеринг, трговија и услуги НАСТЕЛ ДОО Скопје, застапувано од Дуња Туртурова, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.123/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Уредбата за изменување на Уредбата за висината на надомест за приватизација на градежно земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата за надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.81/22) и притоа го утврди следното мислење:

Од текстот и содржината на Иницијативата произлегува дека со истата се оспорува членот 2 од Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 81/22), бидејќи е во спротивност со членот 52 став (4), член 55 став (2) и член 8 став (1) алинеа 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според наводите во Иницијативата со оспорената одредба се прави повреда на уставноста и законитоста бидејќи законите во Република Северна Македонија мораат да бидат во согласност со Уставот,а сите други прописи со Уставот и законите (член 51 од Уставот), законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок кога тоа е поповолно за граѓаните (член 52 од Уставот). Имено, според наводите во Иницијативата оспорената одредба е неспроведлива во практиката, бидејќи на овој начин се дава повратно дејство на Уредбата иако е понеповолна за странките и се применува на веќе започнати постапки за приватизација, со што се создава тешка материјално-финансиска обврска за лицата кои постапката за приватизација ја имаат покрената многу порано од донесувањето на

новата Уредба со што се нарушува правната сигурност и владеењето на правото како темелна вредност на уставниот поредок, што е спротивно на членот 8 став (1) алинеа 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Наводите во Иницијативата се неосновани од следниве причини:
Согласно член 24 став (1) од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), висината на надоместот за градежното земјиште што е предмет на приватизација, како и начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација, на предлог на министерот за финансии ги пропишува Владата на Република Северна Македонија.
Според член 1 од Уредба за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 81/22), Прегледот за висина на надоместот за приватизација на градежното земјиште, се заменува со нов Преглед кој е составен дел на оваа уредба.
На постапките за приватизација на градежното земјиште започнати пред денот на влегувањето во сила на оваа уредба, ќе се применува висината на надоместот определена со Прегледот кој е составен дел на оваа уредба согласно член 2 од Уредбата.
Имено, со Уредбата за изменување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежното земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 81/22), се утврдува повисок износ на надомест за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост со намена: предвидено колективно домување со актите за планирање на просторот кое не е реализирано, комерцијални, деловни, стопански, производни и објекти наменети за спорт и рекреација. При тоа, висината на износот за надоместот за приватизација за градежно земјиште во државна сопственост за сите други видови намени останува непроменета.
Измената во смисла на погоре наведеното е извршена поради зголемената пазарна вредност на градежното земјиште во однос на вредноста на градежното земјиште во 2005 година, кога влезе во сила Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, а пред се со цел да се оневозможи правните и физички лица кои по основ на приватизација со досегашниот надомест за приватизација, реализираа градби за намени предвидени со актите за планирање на просторот, а кои всушност беа само со намена: колективно домување, комерцијални, деловни, стопански, производни објекти и објекти наменети за спорт и рекреација, со што се стекнуваа со неоснована имотна корист.
Воедно, се укажува дека титулар на сопственоста на градежното земјиште во Република Северна Македонија е државата, бидејќи земјиштето е на Република Северна Македонија и државата ги определува условите за стекнување на право на сопственост на истото, а законската регулатива со која се уредува прашањето и постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост е Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16, 178/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21).

Според тоа, наводите дека се ставаат во понеповолна положба лицата на кои им се започнати, а нерешени постапките за приватизација поради неажурност на органите и поради тоа се дискриминирани се неосновани, со оглед дека висината на надоместокот е изменета со оспорената Уредба само за приватизација на градежно

земјиште во државна сопственост, чија намена е колективно домување, комерцијални, деловни, стопански, производни објекти и објекти наменети за спорт и рекреација. Ова е со цел да се обезбеди праведност во однос на висината на надоместокот кој се плаќа за приватизација за овој вид на земјиште, во однос на исти или слични постапки, во кои правните и физичките лица се стекнуваат со сопственост над градежно земјиште во државна сопственост за многу повисок надомест, односно цена, со што на овој начин се обезбедува владеење на правото и се оневозможува злоупотребата и неоснованото стекнување на имотна корист на овој начин.
Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд поднесената Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 59

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев, од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.120/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 44 став 3 од Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 290/20 и 247/22) и член 2 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.97/15) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на делот „ставот (3) на" од член 44 став (3) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 290/20 и 247/22) и на ставот 3 од член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/15), кој гласи: „Ставот (6) станува став (8)".

Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека со точка 2 од Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.152/08 од 11.2.2009 година е поништен член 44 став 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/06 и 88/08), а наведената Одлука е објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр. 23/09. При тоа, заклучно со 20.6.2015 година, кога влегол во сила Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/15), членот 44 од Законот за даночна постапка имал вкупно пет става, додека со член 2 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/15), ставот (5) во членот 44 е изменет и гласи: „(5) Даночен управен акт и даночен акт може да се достави и по електронски пат со пренос на податоци или документи преку информацискиот систем на Управата за јавни приходи или на последната пријавена адреса на електронска пошта на даночниот обврзник во Управата за јавни приходи."

Според став 2 од истиот член, по ставот (5) се додаваат два нови ставови (6) и (7), кои гласат:
„(6) Доставата од ставот (5) на овој член, се врши со претходна согласност на даночниот обврзник.
(7) Доставата од ставот (5) на овој член, се смета за извршена петтиот ден од денот на испраќањето на даночниот управен акт и даночниот акт по електронски пат."

Според ставот 3 од истиот член и закон, ставот (6) станува став (8).

Оттука, според подносителот на Иницијативата, наведениот член нема осум, туку седум става и ставот (3) на член 44 од Законот упатува на примена самиот на себе, кое нешто може да ги доведе во заблуда оние кои оваа норма ја применуваат. Поради тоа, подносителот на оваа Иницијатива смета дека истото не е во согласност со начелото на владеење на правото кое подразбира дека во правниот промет треба да постојат јасни и концизни норми, кои кога упатуваат на примена на друга норма (па дури и кога упатуваат на примена кон самите нив), тоа треба да претставува правна, логична функционална целина.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија е владеењето на правото.

Со Законот за даночна постапка се уредува општото даночно право, постапката за утврдување на данок, постапката на контрола на данок, постапката на наплата на данок, правата и обврските на даночниот обврзник и други прашања од даночната постапка. Овој закон се применува на даноците, другите јавни приходи, на споредните даночни давачки кои ги управува Управата за јавни приходи, како и на паричните казни, односно глобите и трошоците изречени во парничните, кривичните и управните постапки во корист на Република Северна Македонија.

Законот за даночна постапка се темели и на начелото на утврдување на фактичка состојба, што значи дека даночните факти се утврдуваат согласно даночните закони и нивната економска суштина.

Според член 7 став (1) од Законот, даночната обврска се утврдува врз основа на законите кои биле во сила во време на нејзиното настанување, освен, ако во согласност со закон, за одделени одредби кои се однесуваат на даночна обврска е пропишано да имаат повратно дејство.

Според став (2) на истиот член, дејствијата во даночната постапка се регулирани со прописи кои се на сила во времето кога се преземаат.
Членот 44 од Законот за даночна постапка се однесува на доставување на даночниот управен акт. Истиот во писмена форма се доставува по пошта, а адресирањето се врши на адресата на даночниот обврзник внесена во пријавата за регистрација или во последната даночна пријава. Понатаму се наведени лицата на кои лице ангажирано од страна на Управата за јавни приходи може да го врачи даночниот управен акт во случај кога лицата за кои е наменето писменото известување, одбијат да го примат или потпишат даночниот управен акт, а тоа се: даночниот обврзник или неговиот законски застапник, ополномоштен застапник од страна на даночниот обврзник и полнолетен член од семејството, доколку се работи за физичко лице. Доставувањето во смисла на овој закон, се смета дека е уредно и кога наведените лица ќе одбијат да го примат или потпишат даночниот управен акт, а лицето кое го вршело доставувањето за тоа состави службена белешка.

Согласно наведеното, произлегува дека целиот член формира правно логична и функционална целина.

Во контекст на ова, во Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15 и 65/18) во Глава XI „Известување и достава“ се содржани општите правила за известување и достава, па Lex specialis мора да биде во согласност со Lex genarlis.

Во случај на конфликт помеѓу посебен и општ пропис, посебниот пропис дерогира (има приоритет на примена) во однос на општиот, бидејќи неговото поле на примена е потесно (Lex specialis derogat legi generali).

Врз основа на погоре наведеното се истакнува дека, согласно точка 2 од Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.152/08 од 11.2.2009 година е поништен член 44 став 2 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/06 и 88/08), а согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/15), се врши изменување и дополнување на член 44 од Законот за даночна постапка.

Оттука, сметаме дека цитираните одредби од Законот не доведуваат до забуна и правна несигурност кај даночните обврзници, како што наведува подносителот на Иницијативата. Се смета дека доколку постои проблем како што вели подносителот, истиот сепак е од толкувачка природа, а не од суштинска, а уште помалку спротивно на Уставот на Република Северна Македонија.

Повторно се напоменува дека согласно правната и фактичка состојба во конкретниов случај, оспорените ставови формираат нераскинлива правно логична и функционална целина од аспект на доставувањето на даночниот управен акт и јасно и недвосмислено е на кои лица се однесува доставувањето на даночниот управен акт од ставот (3) на оспорениот член 44 од Законот, а се со цел ефикасно и ефективно спроведување на даночната постапка. Секако дека во случајов не станува збор за нејасни и до крај не изведени правни норми кои оставаат простор за нивна различна примена и истите не создаваат правна несигурност, не се на штета на даночните обврзници и секако не се во спротивност со владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Повикувањето на одредбите во Законот за даночна постапка се предмет на континуирано разгледување и ревидирање и доколку се утврди суштинска потреба за изменување и дополнување на Законот, ќе се подготват соодветни измени и дополнувања.

Имајќи го предвид погоре наведеното, член 44 став (3) од Законот за даночна постапка и член 2 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/15), е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 44 став (3) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/06, 88/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 290/20 и 247/22) и член 2 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/15).

Имајќи предвид дека Иницијативата за оценување на уставноста на оспорениот дел од ставот (2) на член 29 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати е поднесена речиси две години по престанокот на важноста на самиот закон, односно се однесува за одредба која е вон сила, Владата на Република Северна Македонија смета дека Уставниот суд на Република Северна Македонија, треба истата да ја отфрли како неблаговремена и беспредметна.

## Точка 60

Владата го разгледа Статутот на Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бреинстер некст Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Статутот на Приватната непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бреинстер некст Скопје, е усогласен со забелешките дадени од страна на Владата на Република Северна Македонија, со допис бр.41-6420/6 од 12 октомври 2022 година и со оглед на тоа Владата дава позитивно мислење по истиот.

## Точка 61

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.913 за КО Глуво Бразда, на КП бр.2997, викано место/улица „Поројница“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 62

Владата ја разгледа Понудата од нотар Маргарита Вангелова од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1695 и Имотен лист бр.101006 за КО Богданци, на КП бр.8537, викано место/улица „Град“, со дополнување и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 63

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ѓорѓи Николов од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1448 за КО Богданци, на КП бр.9055, викано место/улица „Нако Вардарски“ и Имотен лист бр.10423 за КО Богданци, на КП бр.9055, викано место/улица „Нако Вардарски“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 64

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93311 за КО Чаир на КП бр.2563 викано место/улица „Дижонска“, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 65

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15005 за КО Чаир, на КП бр.18/2, викано место „Чаир“, Имотен лист бр.960219 за КО Чаир, на КП бр.119/1, викано место „Чаир“ и Имотен лист бр.958719 за КО Чаир, на КП бр.121/1, викано место „Чаир“ и КП бр.125/3 и 125/4, викано место „Чаир“ и по Понудата ги усвои негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, како и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 66

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56381 за КО Ресен, на КП бр.6365/8, викано место/улица „11 Октомври“и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.67238 за КО Маџари, на КП бр.2853/21, викано место/улица „Утрина“, со дополнување и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 68

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.56697, за КО Карпош, на КП бр.4496, викано место/улица „Козле 1“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 69

Владата ја разгледа Понудата од нотар Горан Димановски од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94036 за КО Битола 4, на КП бр.5127, викано место/улица „Довлеџик“ и Имотен лист бр.94036 за КО Битола 4, на КП бр.5142, викано место/улица „Довлеџик“ и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 70

Владата ја разгледа Понудатаод нотар Даниел Живачки од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.11204 за КО Љубодраг, на КП бр.438, викано место/улица „Старо Џаде“ и по истата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

Исто така, потребно е мислења по материјалот да достават Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

## Точка 71

1. Владата го отповика Јордан Шијаков од должноста член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино.

1.1. Владата го избра Илија Глигоров за член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино.

2. Владата ја отповика Фросина Крстевска од должноста независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

2.1. Владата ја избра Катерина Митовска-Наковска за независен член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

3. Владата го именува Сами Рушиди за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на платата.

4. Владата ја разреши Калина Лечевска од должноста член на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на нејзино барање.

5. Владата го разреши Дарко Миовски од должноста член на Органот за надзор на ЈУ за деца-Детско одморалиште „Илинден“-Гостивар, на негово барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

5.1. Владата го именува Бојан Зафироски за член на Органот за надзор на ЈУ за деца-Детско одморалиште „Илинден“-Гостивар.

6. Владата ја разреши Наташа Матевска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“-Битола, на нејзино барање.

6.1. Владата го именува Пеце Николовски за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“-Битола.

7. Владата од должноста членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Здравје“-Валандово, ги разреши:

- Марија Чурлинова-Јорданова, поради истек на мандатот и
- Катерина Дончева.

7.1. Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Здравје“-Валандово, ги именува:

- Марија Чурлинова-Јорданова и
- Димитар Лазов.

8. Владата го именува Халил Красниќи за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје.

9. Владата го разреши Мервин Забзун од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија-Струга, поради истек на мандатот.

9.1. Владата го именува Мервин Забзун за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Завод за нефрологија-Струга.

10. Владата го разреши Илир Вела од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија-Скопје, поради истек на мандатот.

10.1. Владата го именува Илир Вела за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија-Скопје.

## Точка 72

**1)**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 12 јануари 2023 година до 18 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2)**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 12 јануари 2023 година до 18 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3)**Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 12 јануари 2023 година до 18 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4)**Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пасиштата, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.41-11385/9 од 27 декември 2022 година.

**5)**По повод одбележувањето на 4 февруари, денот на раѓањето на Гоце Делчев, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за култура, да го организираат настанот и активностите за соодветно одбележување на 4 февруари, денот на раѓањето на Гоце Делчев, на гробот во црквата Св.Спас во Скопје.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите мерки со цел безбедно одбележување на настанот, согласно дискусиите и препораките на Советот за безбедност.

3. Формира Делегација за положување цвеќе на гробот на Гоце Делчев, во црквата Св.Спас во Скопје, во состав:

- д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,
- Славјанка Петровска, министер за одбрана и
- д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

Истовремено, Владата заклучи организаторите на настанот да ги поканат Претседателот на Република Северна Македонија со својот кабинет, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија со своја делегација и архиепископот на Македонската православна црква-Охридска архиепископија да присуствуваат на свечениот настан.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за медијација, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведено оценување на Комисијата за оценување и анализа на резултатите добиени од спроведеното мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализација на Програмата за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, за периодот април-јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Извештајот за трошење на средства од Наменска сметка за буџетска поддршка согласно Одлука за одобрување на финансиски средства за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија, донесена на Владата на Република Северна Македонија на 31.8.2022 со бр.41-7538/1, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското

подрачје „Јасен“-Скопје за 2023 година и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2023 година.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје за 2023 година.

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија Ц.О.-Скопје за 2023 година.

**Точка 82**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2023 година.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2023 година.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за заем склучен помеѓу АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје како заемопримач и Акционерско друштво ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, заведен кај

заемопримачот под арх.бр.03-351/1 од 20.1.2023 година, а кај заемодавецот под арх.бр.03-80/1 од 20.1.2023 година, со предлог -одлуки и притоа заклучи:

- Согласно одредбите од член 383 став 1 од Законот за трговските друштва, Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на акционери на Друштвото на крајот на годината, меѓудругото, генерално одлучува за одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на органот на
управување и на надзорниот одбор, односно не утврдува овластување за Владата да дава одобрување за работење на управниот и надзорниот одбор за одлучување по прашања за конкретни случаи за конкретни договори.

**Точка 87**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22 од 26.8.2022 година) и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија бр.08-4044/1 од 30.9.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/22 од 30.9.2022 година), за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Министерството за финансии.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за јануари 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 27.1.2023 година.
2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со јануарските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 30.1.2023 година.
3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:
- За пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 30.1.2023 година (понеделник),

- За пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 31.1.2023 година (вторник),

- За пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 1.2.2023 година (среда) и

- За пензии со висина над 18.001 денари, исплатата да се изврши на 2.2.2023 година (четврток).

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на посебна програма за ажурирање на Планот за одбрана на Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за одбрана најдоцна до 31.12.2023 година да ја извести Владата за постигнатиот напредок во однос на преземените мерки и активности, согласно посебната програма за ажурирање на Планот за одбрана.

**Точка 90**

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година.

**Точка 91**

Владата ја донесе Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2023 година.

**Точка 92**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за оправданоста на Барањето за вработување во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на истата со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 93**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за текот на активностите поврзани со Стратешкиот дијалог меѓу Република Северна Македонија и Соединетите Американски Држави, со Предлог-план за активности, за наредната редовна седница на Владата, поради потребата материјалот дополнително да се усогласи со Министерството за одбрана и Министерството за информатичко општество и администрација.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 13:48 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**